**ЗАПИСНИК ОД XXXIV-ТА СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА БЕРОВО**
**одржана на ден 18.01.2012 година**

Триесет и четвртата итна вонредна седница на Советот на Општина Берово се одржа на ден 18.01.2012 година, со почеток во 13:00 часот во просториите на Општина Берово. На седницата отсуство најавија Советниците: Никола Ковачовски, Емилија Александрова, Љупчо Русковски и Ванчо Брашнарски. На седницата беше присутен и Градоначалникот Драги Наџински. Седницата ја започна најстариот член на Советот Славчо Буровски, ја отвори 34.тата итна седница и за истата го предложи следниот дневен ред:

**ДНЕВЕН РЕД**

**1.Предлог-Одлука за прогласување на 20.01.2012 година (петок) за неработен ден, на ОСУ „Ацо Русковски"-Берово, ООУ „Дедо Иљо Малешевски"-Берово и ООУ „Никола Петров Русински"-с.Русиново.**

Предложениот дневен ред беше даден на усвојување, и истиот беше усвоен едногласно со 11 гласа „за".

Образложение зошто е свикана итна седница на советот на Општина Берово даде Градоначалникот Драги Наџински.

Советничката Лилјана Полевска се изјасни дека поголема штета ќе биде направена доколку не ја усвојат Предлог-Одлуката. Исто така ја искористи можноста да предложи масовна посетеност на карневалот Ратевски Бамбурци во с.Ратево.

Предлог-Одлуката за прогласување на 20.01.2012 година(петок) за неработен ден, на ОСУ „Ацо Русковски"-Берово, ООУ „Дедо Иљо Малешевски"-Берово и ООУ „Никола Петров Русински"-с.Русиново беше ставена на гласање и истата беше едногласно усвоена со 11 гласа „за".

Со тоа дневниот ред беше исцрпен, а 34.тата вонредна седница затворена.

**Записничар:**
**Зорица Ризовска**

**Бр.07-475/1**
**15.03.2012 година**
**Берово**

**Совет на Општина Берово**
**Најстар член**
**Љупчо Русковски**